**Известување за концентрација со која Словениа Бродбенд С.а.р.л. Луксембург, ќе стекне контрола над Теле2 д.о.о. за телекомуникациски услуги, Хрватска**

**(предмет бр. 08-59/2019)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14 и 53/16), на ден 17.06.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) доставено е известување за концентрација со која Словениа Бродбенд С.а.р.л. (SloveniaBroadbandS.à.r.l.), со седиште на 2, руе Едвард Штеихен, Л-2540 Луксембург, ќе стекне контрола над трговското друштво Теле2 д.о.о. за телекомуникациски услуги (Tele2 d.o.o. za telekomunikacijske usluge), со седиште на адреса Улица града Вуковара 262/Д, Загреб, Хрватска по пат на купопродажба на удели.

***Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:***

1. Словениа Бродбенд С.а.р.л. Луксембург е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс во Северна Македонија се присутни преку индиректно зависно друштво - Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр.3, Скопје, Република Северна Македонија, а кое врши дистрибуција на медиумски содржини преку DTH техничка платформа.

2.Теле2 д.о.о. за телекомуникациски услуги, Хрватска е мобилен оператор кој влегол на хрватскиот пазар во 2005 година. Пред Трансакцијата, Теле2 е во сопственост на компанијата Теле2 Свериге АБ (Tele2 Sverige AB), значаен телефонски оператор во нордиските и балтичките држави.

Концентрацијата се однесува на ***пазарот на мобилни телекомуникациски (телефонски) услуги***.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и*

*Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

27.06.2019 година
Скопје